ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ
И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
Бр. 0801-806/16
08-03-2016 год.
СКОПЈЕ

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)**

**ПРЕДМЕТ:** ***Предлог мерки за унапредување на третиот Акциски План за Отворено Владино Партнерство, 2016 – 2018 година***

Здружението ЕСЕ од 2014 година активно работи на промовирање и поддршка на иницијативата за Отворено владино партнерство во Македонија како дел од своите редовни програмски активности и активно учествува во планирањето, спроведувањето и следењето на имплементацијата на Акцискиот План за Отворено Владино Партнерство 2014 – 2016 година.

Па оттука, следејќи ги основните вредности и начела за Отворена Влада (транспарентност, отчетност и одговорност на јавните институции кон граѓаните); следејќи ги глобалните искуства и практики кои се покажале за напредни, иновативни и успешни во светот; како и врз основа на искуствата и идентификуваните пречки во имплементацијата на вториот по ред национален Акциски план, во прилог на овој документ **Ви доставуваме предлози за унапредување на целокупниот процес на Отворено Владино Партнерство во Македонија и предлози за специфични мерки кои ќе допринесат кон остварување на клучните вредност на оваа иницијатива во три области и тоа: фискална транспарентност (шест мерки), слобода на информации (една мерка) и поголем увид во меѓународната помош/донации (една мерка).**

## I. ГЕНЕРАЛНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2016 – 2018 ГОДИНА

1. да се утврдат приоритетни и реално остварливи мерки со Акцискиот план за отворено владино партнерство, со што ќе се зголеми ефикасноста во спроведувањето на мерките и ќе се насочат напорите кон реално надминување на еден или неколку бариери за отворена Влада;

2. да се избегнува вклучување на основни надлежности на јавните институции како мерки во Акцискиот план. Односно, планот да содржи мерки што ќе значат надополнување на редовните функции на јавните институции;

3. да се напушти сегашниот начин на формулирање на мерките од Планот, односно во иднина за секоја од предвидените мерките да се формулираат индикатори според кои ќе се мери нивното спроведување;

4. јавните институции да ги исполнат своите законски обврски за транспарентно, отчетно и партиципативно работење, со тоа што во Акцискиот план тежиште ќе се стави на мерки што значат унапредување на веќе постигнатиот напредок, односно на мерки/обврски од средно, напредно и иновативно ниво;

5. да се осигура поголема вклученост на граѓанските организации во подготовката, спроведувањето и следењето на Акцискиот план;

6. граѓанските организации да бидат партнери со јавните институции и да имаат рамноправна моќ во предлагање на мерки кои ќе бидат дел од Акцискиот план и следење на нивната имплементација;

7. граѓанските организации во партнерство со јавните институции да спроведуваат мерки што не се дел од нивните редовни програмски активности финансирани од други донатори;

8. да се осигура навремено и целосно спроведување на мерките предвидени со Акцискиот план.

## II. ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2016 – 2018 ГОДИНА

А) ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ............. стр.4 - 10

Б) СЛОБОДА НА ИНФОРМАЦИИ ...........................................................................................стр.11-12

В) ПОГОЛЕМ УВИД ВО МЕЃУНАРОДНА ПОМОШ/ДОНАЦИИ.........................................................стр.13

## А) ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ

| **МЕРКА БРОЈ 1 - *Подготовка и објавување на поедноставена верзија на предлог буџетот и буџетот на РМ и буџетите на 84те единици на локална самоуправа на нивните интернет страници и преку јавни медиуми (најдоцна до 30 септември за предлог буџетот и на секои шест месеци за усвоениот буџет)*** | | |
|---|---|---|
| 1. | **Главна цел на мерката** | Зголемување на транспарентноста во подготовката, усвојувањето и спроведувањето на буџетот на РМ и буџетите на единиците на локалната самоуправа и зголемување на можноста на граѓаните да се запознаат и дискутираат по основ на буџетот на државата и единиците на локална самоуправа како едена од најважните државни политики |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Ограничена можност на граѓаните да се запознаат и да дискутираат по основ на буџетот на државата и буџетите на единиците на локална самоуправа како едена од најважните државни политики |
| 3. | **Опис на мерката** | Пред да се подготви граѓанскиот буџет Министерството за финансии и единиците на локалната самоуправа треба да се консултираат со граѓанските организации и граѓаните за да утврдат кои информации од буџетот би биле најкорисни за јавноста и на кој начин истите е најсоодветно да се презентираат во граѓанскиот буџет. Граѓанскиот буџет треба да ги содржи следните информации:<br><br>- **Економски проекции на кои се заснован буџетот:** очекуван и остварен економски раст, очекувана и остварена стапка на инфлација и очекуван и остварен буџетски дефицит или суфицит;<br>- **Извори на приходи:** објаснување за тоа од каде доаѓаат приходите во државниот буџет и во колкав износ;<br>- **Реализација на буџетските средства:** објаснување за која намена ќе се потрошат или се потрошиле буџетските средства и зошто;<br>- **Промени на приходната и расходната страна на буџетот:** причини заради кои приходите и расходите се намалуваат или зголемуваат во споредба со претходниот период;<br>- **Контакт информации:** детали за одговорното лице со кое граѓаните можат понатаму да се консултираат.<br><br>*Корисни примери за граѓански буџети кои можат да се искористат при подготовката на граѓанскиот буџет:*<br>http://www.internationalbudget.org/opening-budgets/citizens-budgets/<br>http://www.internationalbudget.org/wp-content/uploads/Citizen-Budget-Guide.pdf<br>http://www.internationalbudget.org/wp-content/uploads/philippines-citizens-budget-2015.png |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерство за финансии на РМ и финансиските оддели на 84те единици на локална самоуправа |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | Здружението ЕСЕ ќе обезбеди техничка помош во подготовката на граѓанскиот буџет.<br>НВО ќе учествуваат во развивање на формат за подготовка на граѓански буџет и дисеминација на граѓанскиот буџет помеѓу граѓаните. |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Подготвен граѓански буџет (три граѓански буџети за предлог буџетот за 2017, 2018 и 2019 година и шест граѓански буџети по основ на извршувањето на усвоениот буџет);<br>2. Објавен граѓански буџет на интернет страницата на Министерството за финансии/84те единици на локална самоуправа (на www.finance.gov.mk и интернет страниците на секоја од 84те единици на локална самоуправа);<br>3. Број на средства за информирање во кои е објавен граѓанскиот буџет (листа на ТВ, печатени и електронски медиуми на кои е објавен граѓанскиот буџет и процент на медиуми од вкупен број на медиуми во РМ на кои е објавен граѓанскиот буџет);<br>4. Број на добиени предлози од граѓани и граѓански организации (процент на граѓани и граѓански организации кои доставиле предлози од вкупниот број на граѓани над 18 години и вкупниот број на граѓански организации.)<br>5. Број на предлози вклучени во усвоениот буџет (јавно објавени информации за тоа кои предлози се прифатени и во кои ставки од буџетот се имплементирани) |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни, 2016 година - јуни, 2018 година |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| **МЕРКА БРОЈ 2 - *Објавување на полугодишен извештај за извршување на буџетот на РМ одобрен од Владата на РМ и полугодишен извештај за извршување на буџетите на 84те единици на локалната самоуправа одобрени од градоначалникот на општината од во период од пет дена по нивното усвојување.*** | | |
| 1. | **Главна цел на мерката** | Зголемена фискална транспарентност и отчетност на централно и локално ниво и задоволување на стандардите за добро владеење и фискална транспарентност на Меѓународниот монетарен фонд, Глобалната Иницијатива за фискална транспарентност и International Budget Partnership. |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Ниско ниво на буџетска транспарентност и отчетност. |
| 3. | **Опис на мерката** | Министерството за финансии и единиците на локалните самоуправи во РМ на својата интернет страница и преку медиуми за јавно информирање (ТВ, печатени и електронски медиуми) ќе го објават полугодишниот извештај за извршување на буџетите најдоцна пет дена од денот на неговото усвојување. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерството за финансии и 84те единици на локална самоуправа |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | НВО да учествуваат во дисеминација на полугодишниот извештај за извршување на буџетот на РМ и единиците на локалната самоуправа помеѓу граѓаните. |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Објавен полугодишен извештај на интернет страницата на Министерството за финансии/84те единици на локална самоуправа (објавен најдоцна пет дена по неговото усвојување на www.finance.gov.mk и интернет страниците на единиците на локалните самоуправи);<br>2. Број на средства за информирање во кои е објавен полугодишниот извештај (листа на ТВ, печатени и електронски медиуми на кои е објавен и процент на медиуми од вкупен број на медиуми во РМ на кои е објавен полугодишниот извештај за извршување на буџетот на РМ и ЕЛС)<br>3. Број на добиени предлози од граѓани и граѓански организации (процент на граѓани и граѓански организации кои доставиле предлози од вкупниот број на граѓани над 18 години и вкупниот број на граѓански организации.)<br>4. Број на предлози вклучени во измените и дополнувањата на буџет на РМ и ЕЛС (јавно објавени информации за тоа кои предлози се прифатени и во кои ставки од буџетот на РМ и ЕЛС се имплементирани) |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јули, 2016 година<br>јули, 2017 година<br>јули, 2018 година |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |

| МЕРКА БРОЈ 3 - *Институционализација и пилотирање на методологијата за социјална ревизија како составен дел од работењето на секторот за внатрешна ревизија на Министерството за здравство* | | |
|---|---|---|
| 1. | **Главна цел на мерката** | Унапредување на ефикасноста во управувањето и трошењето на буџетските средства за спроведување на активности финансирани од буџетот на министерството и унапредување на пристапот на граѓаните до услугите кои се обезбедуваат преку буџетот на Министерството за здравство. |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Трошење на средства од буџетот на Министерството за здравство за услуги кои граѓаните не ги добиваат. |
| 3. | **Опис на мерката** | Методологијата за **социјална ревизија** овозможува мерење, следење, известување и унапредување на перформанските во работењето на јавните институции. Социјалната ревизија овозможува да се намалат разликите во кои се нотираат помеѓу извештаи за реализација на јавните политики и програми од една страна и реалната имплементација и придобивки за граѓаните од друга страна .<br>***Со цел пилотирање на методологијата во текот на имплементацијата на акцискиот план, Министерството за здравство во соработка со Здружението ЕСЕ ќе селектира*: пет пилот програми** од буџетот на министерството кои ќе бидат предмет на социјална ревизија; **пет извршители** вклучени во извршувањето на секоја од селектираните програми чија работа ќе биде предмет на социјална ревизија во периодот на пилотирање; **10 лица од министерството и институциите** кои ќе учествуваат на обука за социјална ревизија и подготовка на план за пилотирање на методологијата за социјална ревизија и **10 од други институции и програми** со цел јакнење на нивните капацитети за натамошно имплементирање на методологијата. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерството за здравство |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | Здружение ЕСЕ ќе обезбеди техничка поддршка и помош во текот на целиот период |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Број на селектирани програми кои биле предмет на социјална ревизија до септември 2016 година<br>2. Број на обучени лица за спроведување на социјална ревизија до март 2017 година<br>3. Број на извршени ревизии и извештаи од спроведени ревизии за секоја од програмите и за секоја од институциите вклучени во процесот |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | - јуни - септември, 2016 година : спроведување на селекција на програми, институции и лица;<br>- октомври, 2016 година – март, 2017 година: спроведување на обука и планирање на реализираат;<br>- април - јуни, 2017 година: подготвителни активности за започнување со социјална ревизија;<br>- јули, 2017 година – јуни, 2018 година: Пилотирањето на методологијата на социјална ревизија |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |

| МЕРКА БРОЈ 4 - *Подготовка, усвојувањеи спроведување на национални стандарди за фискална транспарентност врз основа на стандардите на Глобалната иницијатива за фискална транспарентност и Меѓународниот монетарен фонд* | | |
|---|---|---|
| 1. | **Главна цел на мерката** | Унапредување на транспарентноста и отчетноста во фискалното работење на јавните институции |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Непостоење на јасни, универзални и сублимирани национални стандарди за транспарентност при фискалното работење на јавните институции во РМ |
| 3. | **Опис на мерката** | Секоја земја треба да ги почитува следните принципи: секој има право да бара, добие и да пренесе информација поврзана со фискалното работење; властите треба да публикуваат јасни и мерливи цели поврзани со фискалната политика; властите треба да ги споделат своите цели и резултати; сите финансиски трансакции во јавниот сектор треба да бидат законски уредени; јавниот сектор треба да биде јасно дефиниран, а пак врските со приватниот сектор да бидат јавно обелоденети; надлежностите треба да бидат јасно утврдени и законски уредени; овластувањето за прибирање на даноците и извршување на расходите треба да биде предмет на уредување на законодавната власт; државната ревизија треба да биде независна од извршната власт, а нејзината независност да биде гарантирана со закон; и како последно, граѓаните треба да учествуваат директно во јавни дебати за подготовка и за реализација на фискалните политики.<br>*Линкови до стандардите за фискална транспарентност:*<br>http://www.fiscaltransparency.net/infographic.pdf<br>http://blog-pfm.imf.org/files/ft-code.pdf<br>http://www.imf.org/external/np/fad/trans/<br>https://www.imf.org/external/np/pp/2007/eng/051507m.pdf |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерството за финансии |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | Здружение ЕСЕ ќе обезбеди техничка поддршка и помош во текот на целиот период |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Подготвени и усвоени национални стандарди за фискална транспарентност до јуни, 2017 година<br>2. Број на јавни институции кои постапиле согласно стандардите во период од јули, 2017 година – јуни, 2018 година |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни, 2016 година – јуни, 2017 година: подготовка и усвојување на национални стандарди<br>јули, 2017 година – јуни, 2018 година: спроведување на усвоените стандарди |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **МЕРКА БРОЈ 5 - *Измени и* дополнување на Упатството за начинот на трезорско работење со бришење на точка 23 од дел IV на Упатството за начинот на трезорско работење службен весник 183/2013** | | |
| 1. | **Главна цел на мерката** | Зголемена фискална транспарентност |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Оневозможен пристапот до информации за буџетските приходи, расходи и трансфери на корисниците на трезорските сметки |
| 3. | **Опис на мерката** | Во оваа точка е предвидено: ”*Трезорот ја обезбедува тајноста на податоците за сметките отворени во рамки на трезорската сметка.*”<br>Со бришење на точката 23 од Упатството ќе се овозможи пристап на јавноста до податоци и документи врз основа на кои е извршено прибирање на средства во буџетот, распределба на средства по ставки на буџетските корисници и единки корисници и трошење на средствата во текот на годината итн. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерството за финансии |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | / |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Предлог за измени и дополнувања на Упатството за начинот на трезорско работење до септември, 2016 година<br>2. Усвоени измени и дополнување на Упатството за начинот на трезорско работење до декември, 2016 година<br>3. Избришан став 23 од Упатството за начинот на трезорско работење до декември, 2016 година |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни, 2016 година – декември, 2016 година |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| **МЕРКА БРОЈ 6 -** ***Измени и дополнување на на Упатството за начинот на трезорско работење на Фондот за здравствено осигурување со бришење на Точка 22 од дел IV на Упатството, службен весник 170/2010*** | | |
| 1. | **Главна цел на мерката** | Зголемена фискална транспарентност во здравствениот систем |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Оневозможен пристапот до информации за состојбата и движењето на средствата на здравствената трезорска сметка |
| 3. | **Опис на мерката** | Во оваа точка е предвидено: *"Трезорот на Фондот може да даде податоци за сметките отворени во рамки на здравствената трезорска сметка."*<br>Со бришење на точката 22 од Упатството ќе се овозможи пристап на јавноста до податоци и документи врз основа на кои е извршено прибирање на средства во буџетот на здравствените институции, распределба на средства по ставки корисници на здравствената сметка и трошење на средствата во текот на годината итн. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Фонд за здравствено осигурување на РМ |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | / |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Предлог за измени и дополнувања на Упатството за начинот на трезорско работење до септември, 2016 година<br>2. Усвоени измени и дополнување на Упатството за начинот на трезорско работење до декември, 2016 година<br>3. Избришан став 23 од Упатството за начинот на трезорско работење до декември, 2016 година |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни, 2016 година – декември, 2016 година |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |

Б) СЛОБОДА НА ИНФОРМАЦИИ

| **МЕРКА БРОЈ 1 - Запознавање на граѓаните за правата кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и јавните институции за обврската за проактивност и реактивност во нивното работење** | | |
|---|---|---|
| 1. | **Главна цел на мерката** | 1. Зголемување на бројот на граѓани кои го користат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.<br>2. Намалување на бројот на јавни институции кои молчеле во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер или пак не обезбедиле одговор во редовна постапка.<br>3. Зголемување на бројот на проактивно објавени документи за програмското и буџетското работење на јавните институции. |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | 1. Ниско ниво на запознаеност на граѓаните со правото на информираност и ниско ниво на користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на граѓаните.<br>2. Ниско ниво на запознаеност на имателите на информации со обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на граѓаните.<br>3. Ниско ниво на проактивност на јавните институции во објавување на податоци и информации за своето програмско и буџетско работење. |
| 3. | **Опис на мерката** | - Развивање и спроведување на медиумска кампања за промоција на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.<br>- Развивање и спроведување на стандарди за споделување на информации за работењето на јавните институции со јавноста. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | Здружение ЕСЕ ќе обезбеди техничка поддршка во развивање на медиумската кампања и стандардите. |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Број на граѓани кои го оствариле правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во споредба со претходните години<br>2. Број на институции кои обезбедиле информации во редовна постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер во споредба со претходните години.<br>3. Број на документи за програмското и финансиското работење на јавните институции кои биле објавени од јавните институции во споредба со бројот на документи достапни во претходниот период. |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни, 2016 година - декември, 2016 година: активности за развивање на медиумската кампања<br>јануари, 2017 година – јуни, 2018 година: спроведување на медиумската кампања<br>јуни, 2016 година – декември, 2016 година: развивање на стандарди<br>јануари, 2017 година – јуни, 2018 година спроведување на развиените стандарди |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Дали мерката постои во стариот акциски план | НЕ |

## В) ПОГОЛЕМ УВИД ВО МЕЃУНАРОДНА ПОМОШ/ДОНАЦИИ

| **МЕРКА БРОЈ 1 - Подготовка на централна база за објавување на информации за сите проекти имплементирани од јавните институции преку меѓународна помош (грантови и донации) и заеми** | | |
|---|---|---|
| 1. | **Главна цел на мерката** | Зголемување на транспарентноста на јавните институции во користење на странска помош и заеми |
| 2. | **Проблем кој треба да се надмине преку имплементација на мерката** | Непостоење на јавно достапни информации за проектите кои јавните институции ги имплементираат преку странска помош и заеми. Јавно достапни се податоци за дел од проектите за кои јавните институции побарале регистрација во Секретаријатот за европски прашања и проекти финасирани преку ИПА. Информации за останатите проекти не се јавно достапни. |
| 3. | **Опис на мерката** | - Организирање на консултативни средби со јавноста (најмалку две со граѓански организации и објавување на јавен повик за прибирање на предлози за дефинирање на податоците кои треба да бидат содржани во ново развиената Централна база).<br>- Развивање на Централна база за странска помош и заеми за сите јавни институции во РМ.<br>- Функционирање на Централната база за странска помош и заеми. |
| 4. | **Надлежна институција за спроведување на мерката** | Министерство за финансии и Секретаријат за европски прашања |
| 5. | **Други страни вклучени во спроведување на мерката** | |
| | - Јавни институции | / |
| | - НВО | Здружение ЕСЕ ќе обезбеди техничка поддршка во развивање на софтверот и содржината на Централната база. |
| 6. | **Индикатори за мерење на успешноста од реализацијата на мерката** | 1. Број на реализирани средби со граѓани и граѓански организации<br>2. Број на граѓански организации и граѓани кои учествувале на средбите<br>3. Број на доставени предлози по основ на објавен јавен повик за прибирање на предлози<br>4. Број на прифатени и имплементирани предлози од граѓански организации<br>5. Централна база за странска помош и заеми за сите јавни институции во РМ<br>6. Вредноста на проекти кои се имплементираат со странска помош и заеми и вредноста на проекти објавени преку Централната база |
| 7. | **Период на реализација (од – до)** | јуни – декември, 2016 година: организирање на консултативни средби со јавноста<br>јуни, 2016 година – март, 2017 година: развивање на Централната база<br>април, 2017 година - јуни, 2018 година: функционирање на Централната база |
| 8. | **Дали мерката постои во стариот акциски план** | НЕ |